ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА
ОДРЖУВАЊЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ
ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ
НИСКОГРАДБА ОХРИД
Бр. 04-927/30
25.12. 2025 год
ОХРИД

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија бр. бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24 ), Директорот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас број 885/2025 во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид

1. За работното место КДР 0102 Б04 112, Раководител на финансиско одделение и сметководство – 1 ( еден ) извршител; во Финансиско одделение и сметководство, Сектор за финансии, сметководство и комерција (јавни набавки), **СЕ ИЗБИРА КАНДИДАТОТ ВИНЕТА СТОЈАНОСКА,** со идентификациски код **71В34А5**.
2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на наведеното работно место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесит посебно Решение за вработување, односно ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.
4. Оваа Одлука влегува на сила со денот на објавувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Директорот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид до Одделението за човечки ресурси упати Барање за започнување на постапка за објавување на јавен оглас за вработување на Административен службеник за работните места - КДР 0102 Б04 112, Раководител на финансиско одделение и сметководство - 1 ( еден ) извршител, во Финансиско одделение и сметководство, Сектор за финансии, сметководство и комерција (јавни набавки) со архивски број 04-927/1 од 16.07.2025 година во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид.

По Барање на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 885/202 на ден 28.07.2025 година на интернет страницата на Агенцијата и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха.

Комисијата за селекција за вработување на административен службеник, формирана со Решение бр. 10-2004/7 од 28.11.2025 година за Јавен оглас 885/2025, спроведе постапка за вработување на административни службеници согласно Законот за административни службеници.

Комисијата спроведе административна селекција, Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10-2004/8 од 11.12.2025 година, потоа спроведе испит за административен службеник, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-2004/10 од 22.12.2025 година, како и спроведе проверка на веродостојност на доказите и Интервју, Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и Интервју за административен службеник бр. 10-2004/11 од 24.12.2025 година и состави Конечна ранг листа и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 885/2025 со бр. 10-2004/12 од 24.12.2025 година.

Врз основа на приложената документација, Директорот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршување на постапката за избор и правосилност на Одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе Решение, односно ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 ( осум ) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**
- Архива
- Именуваните
- Одделение за човечки ресурси
- Агенција за администрација

**ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид**

**Директор,**
**Александар Трпеноски**

___________________

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА ОДРЖУВАЊЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ НИСКОГРАДБА ОХРИД ОХРИД 2